# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**28 ное - 5 дек 2025 Билтен бр. 613**

# САНИРАНИ ДЕФЕКТИ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ И АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО КАРПОШ

**(28.11.2025)**
**Општински служби преземаа конкретни активности поврзани со уличното осветлување, при што беа решени повеќе проблеми кои беа детектирани на теренот. Имено, екипите беа особено активни во реонот на Урбаната заедница Нерези, каде деновиве беше санирано осветлувањето на дел од улицата Ванчо Мицков, а службите го доведоа во исправна состојба и осветлувањето долж улиците Партизанска 3, 5 и 7. Успешно беше отстранет дефектот со осветлувањето на дел од улиците Женевска и Бриселска во населбата Тафталиџе 2, а се интервенираше и на улицата Руѓер Бошковиќ во населбата Карпош 2.**

**Стручните служби ги санираа дефектите со уличното осветлување кај тениските терени АБЦ во Карпош 1, а со истата динамика беа решени проблемите со јавното осветлување на улица Трифун Пановски во Карпош 3. Темелно се работеше и во населбата Криви дол во урбаната заедница Злокуќани, каде беа санирани дефектите на електричната мрежа на осветлувањете, на улица Скупи 1а.**

**Бидејќи јавната чистота е еден од најважните приоритети на локалната самоуправа, оваа недела Општина Карпош спроведе тековна акција за расчистување на поголема дива депонија во населбата Бардовци, поточно на улица Скупи 20. Покрај редовните активности за одржување на хигиената на територија на Карпош, општинските служби темелно чистеа на потегот долж улицата Никола Русински во Карпош 3, а се чистеа и сливниците, како превенција и подготовка за претстојниот дождлив период.**



# РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ВО КАРПОШ

**(28.11.2025)**
**Градоначалникот на општина Карпош Сотир Лукровски, во својот кабинет оствари работна средба со претседателот на Стопанска комора на Македонија Бранко Азески. Во рамки на состанокот се разговараше за економските потенцијали на општината и улогата на бизнис секторот во развојот на локалната самоуправа. Во таа насока општина Карпош располага со развиена сообраќајна патна инфраструктура, што претставува еден од основните фактори кои влијаат врз поголемиот економски раст.**

**Присутните постигнаа заеднички заклучок дека општина Карпош несомнено има потенцијал, да се развие во атрактивна бизнис дестинација за деловните субјекти. Во тој поглед согласно стратегиските документи на општината, постои можност за побрза изградба на урбанизираните локации и поголема искористеност на туристичките капацитети. Според соговорниците, потребите за инвестиции се однесуваат на подобрување на инфраструктурата и бизнис средината, поттикнување и поддршка на економските активности на приватниот сектор и градење на капацитетот на човечки ресурси за вработување, водење бизнис и реализација на општински проекти.**

**Според последната евиденција од 2021 година, во Карпош постојат околу 4.500 активни деловни субјекти, доминантно во трговијата на големо и мало при што се евидентирани и над 600 компании од преработувачката индустрија и градежништвото, што ја отсликува структурата на стопанскиот развој во оваа скопска општина.**



# ОСНОВЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ И „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ – КАРПОШ“ ГИ ИЗЛОЖИЈА СВОИТЕ ЛИКОВНИ ДЕЛА ВО ЊУЈОРК

**Десет четвртоодделенци од ООУ „Лазо Трповски“, учествуваа на 28. Меѓународен ликовен натпревар „Пријатели на мирот 2025“, кој се одржа годинава (од јуни до август) во Њујорк, САД. Во возрасна категорија од 8-10 години, основците од Карпош 3 кои беа предводени од одделенската наставничка Ирена Грегориќ и предметниот наставник Стефан Симовски, ги испратија своите свои ликовни творби на овој престижен натпревар.**

**Заедно со нив, 26 второодделенци во возрасната категорија од 5 до 7 години од ООУ „Христијан Тодоровски –Карпош“, предводени од наставничките Владанка Д. Миче, Благица Топалова, Маја Јанковска Цакиќ и Катерина Јаневска Дочинска, исто така учествуваа на натпреварот со свои ликовни творби.**

**Темата на годинашниот ликовен натпревар во чии рамки учествуваа повеќе од 4000 деца од 100 земји, носеше наслов „Слобода“. Основното училиште „Лазо Трповски“ петти пат едноподруго учествува на овој реномиран натпревар, додека пак ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“ годинава првпат учествува на овој реномиран натпревар.**

**Целта на овој глобален проект кој изминативе 28 години се реализира под покровителство на УНИЦЕФ, се организира по повод Светскиот ден на детето 20. ноември. Овој глобален настан се одржува во насока на поттикнување на свеста кај децата ширум светот (на возраст од 5 до 16 години) за креативно изразување. Оваа меѓународна програма има за цел да ги мотивира децата, преку креативни активности да бидат посветени кон промовирање на мирот и создавање иднина во која ќе владеат хармонија и меѓусебно разбирање.**
**Ликовните творби и на учесниците ООУ „Лазо Трповски“ ќе бидат изложени на светската изложба која е планирано следната година да се одржи во САД и Канада за време на одржувањето на Светското првенство во фудбал, летоска во 2026 година.**



# ЕФИКАСНИОТ СИСТЕМ НА ШТЕДЛИВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО КАРПОШ – ПРИМЕР ЗА ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ

**Претставникот од Општина Карпош, м-р Дејан Јонузоски одржа презентација на тема – Придобивки и можности на вредности со утврдени сценарија во ЛЕД управување, како дел од проектот „Систем за управување на ново поставено ЛЕД осветлување на територија на Карпош. Презентацијата се одвиваше во рамки на стручното советување кое го организираше Друштвото за осветлување на Србија кое се одржа минатиот месец на планината Тара.**

**За таа намена, Општината има изработено развојна Програма за периодот од 2023-2026 година, каде што ревитализацијата и модернизацијата на уличното осветлување се утврдени како клучни приоритети на локалната самоуправа. Во таа насока, Општина Карпош изврши набавка и инсталација на нови паметни, штедливи ЛЕД светилки, кои ги заменија постоечките улични натриумови светилки во урбаниот и руралниот дел на општината. Притоа, службите користат посебен софтвер за индивидуална контрола, управување и мониторинг на секоја паметна улична светилка поединечно и групно. Согласно иницијалните анализи, имплементацијата на ЛЕД светилки како и користење на интелигентен систем за контрола, носи потенцијал за заштеди на потрошувачката на енергија за јавното осветлување од околу 60-90% во однос на постоечкиот систем.**

**Инаку, ЛЕД (light-emitting diode) како релативно нова технологија на осветлување нуди низа предности како што се:**

**– Заштеда на електрична енергија преку замена на постоечките конвенционални извори на светлина (натриумови, живини , метал-халогени) од околу 60-90%;**

**– ЛЕД енергетски ефикасни светилки со висока светлосна ефикасност (lm/W);**

**– Релативно долг животен век (мин. 15 години), со што драстично се намалуваат трошоците за одржување;**

**– Нема ултравиолетово и инфрацрвено зрачење;**

**– Моментално постигнување на максималниот светлосен флукс при палење;**

**– Можност за прецизна дигитална регулација на светлосниот интензитет према потребите и временските услови во кои се одвива сообраќајот;**

**– Дополнителна заштеда на електрична енергија заради можноста на дигитална регулација на светлината;**

**– Висок индекс на репродукција на бои,**

**– Отпорност на вибрации и удари,**

**– Користење на материјали кои лесно се рециклираат итн.**

# ПРОДОЛЖУВА СУСПЕНЗИЈАТА НА ДЕЛОВИ ОД ДУП-ОТ 3 08

**Советот на Општина Карпош заседаваше по четврти пат, при што советниците расправаа и полноправно одлучуваа по 10 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. На самиот почеток од седницата, градоначалникот Сотир Лукровски ги информираше советниците во врска со случајот со труење на основците од „Димо Хаџи Димов".**
**„По оваа несакана случка, Општина Карпош веднаш презеде серија итни координирани мерки, за заштита на здравјето и безбедноста на учениците и персоналот во училиштето. Во таа насока, претставници од Општина Карпош од самиот почеток се во постојана комуникација со надлежните институции, поточно со Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Институтот за јавно здравје и Јавното претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје" – посочи Лукровски.**

**Првиот човек на Општината наведе дека надлежните институции во врска со овој случај реагираа веднаш, земајќи примероци од храната, водата и работните површини во училиштето.**
**„Паралелно со случувањата, Општината обезбеди услови за спроведување на сите превентивни, редовни и вонредни мерки во училиштето, при што на 28 ноември беше спроведена вонредна дезинфекција на целиот училишен објект" – информираше Лукровски.**
**Инаку, во текот на минатата недела, Институтот за јавно здравје ја информираше јавноста дека причина за труењето се грам-негативни бактерии од групата Enterobacteriaceae (ЕНТЕРОБАКТЕРИИ), пронајдени во мусаката што ја консумирале децата. Исто така, откриено е присуство на фекални бактерии на три чешми во училиштето. Во исто време, ЈП „Водовод и канализација" изврши вонредни проверки и земање примероци од училница и кујна. Според нивните резултати, водата во училиштето е санитарно исправна и е во согласност со сите барањата од правилникот за безбедност и квалитет.**
**„Сакам да ве информирам дека случајот внимателно и посветено го следиме од самиот почеток. Целта ни беше да не шириме паника и да не оставаме простор за ширење на дезинформации и шпекулации, па од тие причини чекаме да добиеме официјални информации од анализите. По добивање на целосниот извештај од надлежните институции кои ги спроведуваат анализите, Општина Карпош ќе ги преземе сите потребни мерки и чекори во рамки на нашата надлежност. Ве уверувам дека безбедноста на децата и нивното здравје се наш апсолутен приоритет и токму поради тоа во иднина ќе продолжиме со засилени хигиенски мерки, инспекциски надзори и унапредување на стандардите во сите основни училишта во Карпош" – образложи градоначалникот Сотир Лукровски.**
**Во продолжение на седницата, советниците од Карпош едногласно ја поддржаа Одлуката за продолжување на суспензијата на одредени делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт 3 08. Станува збор за градежните парцели 1.39, 1.48, 1.49, 1.53 и 2.1 од гореспоменатиот ДУП, кои се наоѓаат на потегот меѓу бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8-ми Септември. На овој начин всушност продолжува времетраењето на суспензијата, но не подолго од шест месеци од денот на стапување на сила на оваа Одлука. Во случајов, продолжувањето на суспензијата се врши бидејќи не е завршена постапката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт 3 08. Како што е прецизирано во Член 4, оваа Одлука престанува да важи по истекот на шест месеци од денот кога започнала да се применува, освен ако претходно не биде донесен изменетиот и дополнетиот Детален урбанистички план.**

**Советниците од Карпош постигнаа консензус околу Предлог – Решенијата за именување, поточно за верификација на членови од Советот за формирање на Комисите за доделување на еднократна парична помош и за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година. Со истата динамика беше изгласано Предлог – Решението за именување и верификација на членови на општинскиот Совет, во Комисијатаод областа на образованието за 2025 година.**

**Советот даде „зелено светло“ и за двете Предлог – Одлуки со кои основните училишта „Владо Тасевски“ и „Војдан Чернодрински“ ќе прифатат движни ствари на трајно користење без надомест, кои им ги доделува Министерството за образование и наука. Имено, двете основни училишта од Карпош ќе добијат на користење интернет поставки (инсталации), кои ќе бидат искористени за нивните потреби.**

**Со одлука на Советот, поддршка доби и Одлуката за прифаќање донација од Трговско друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ – Скопје. Донацијата е во вид на изработка на Елаборат за отстранување на постојна градба – (Детската градинка „Пролет 2“ во населбата Козле), а висината на донацијата изнесува 30.000 денари. Советниците ја поништија Одлуката за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).**
**Поддршка од советниците доби и дополнителната точка, односно Предлог – Одлуката со која основното училиште „Димо Хаџи Димов“ ја прифаќа донацијата од Владата, поточно од Министерството за животна средина и просторно планирање. Станува збор за донација во вид на прибор за тестирање по природни науки, кој ќе биде ставен на располагање за потребите на учениците и наставниот кадар од оваа училишна установа.**



# ОПШТИНАТА ДОДЕЛУВА ПАРИЧНА ПОМОШ НА 213 ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Општина Карпош го одбележува 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Општина Карпош, во текот на целата година континуирано води грижа за оваа ранлива категорија на граѓани преку низа активности за подобрување на статусот и нивно интегрирање во заедницата. Токму затоа, локалната самоуправа распиша Јавен повик за доделување на еднократна парична помош за лицата со попреченост кои се жители на општина Карпош. Оваа година, на Јавниот оглас се пријавија 213 лица со попреченост, кои ќе добијат еднократна парична помош од Општината во висина од 5.000 денари.**

**Првенствено, низ годините преку тековната работа и ангажманот на вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, со вршење на увиди во домовите на граѓаните, непосредната комуникација, соработката со урбаните и месните заедници и други институции, беше оформена база на податоци за лицата со попреченост која во тековнава 2025 година брои преку 200 лица. Повеќе од една деценија локалната самоуправа посветува особено внимание на лицата со попреченост, при што има донирано медицински помагала за нивна потреба. Општината покрај другото помага на овие лица со еднократна парична помош за бањско лекување, рехабилитација или набавка на соддветни лекови или помагала, како и со пакети со храна и хигиенски производи. За да го олесни нивното движење, локалната самоуправа има поставено пристапни рампи на повеќе локации низ општината, како и во сите детски градинки и основни училишта. Во насока на поголема поддршка, отворени се и неколку инклузивни игралишта за дечињата со попреченост. Исто така, Општината поддржува разни манифестации, настани, работилници и други активности во соработка со различни институции и невладини организации, кои ги вклучуваат лицата со пореченост и го поттикнуваат процесот на инклузија.**

**Од особена важност е Проектот за подобрување на социјалните услуги што го спроведува Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Светска Банка, во чии рамки Општина Карпош ја воспостави социјалната услуга во заедницата, односно центарот за дневен престој – „Центар за стручна помош и поддршка на деца со попреченост и нивните семејства – МоПи“. Во случајов, лиценциран давател на услугата е Македонското Монтесори Здружение, кое истата ја испорачува преку индивидуални третмани и психо-социјална поддршка од страна на стручни лица (специјални едукатори и рехабилитатори и психолози). Станува збор за социјална услуга која е наменета за дечињата со попреченост и развојни потешкотии на возраст од 2 до 10 години, со приоритет на децата од општина Карпош.**

# КАРПОШАНИ ГО ОДБЕЛЕЖАА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Под слоганот „Заедно низ боја и тон“, основците од ООУ „Владо Тасевски“ на свој креативен начин го одбележаа Меѓународниот ден на лицата со атипичен развој – 3 декември, организирајќи во рамки на своето училиште инклузивен уметничко-музички настан. Иницијатор на настан беше специјалниот едукатор Весна Филиповска, а во организацијата учествуваа и образовните асистенти: Ирена Милевска, Ивана Јанкуловска, Светлана Блажевска, Кристина Ристовска, Ема Тосева и Верица Џијановска, како и Менде Дамчески (техника), Марија Бакоч (ликовна секција) и Елизабета Стабоевска (вокална изведба). Целта на едночасовниот перформанс беше промовирање на еднаквите можности, видливоста и активното учество на лицата со попреченост во нашето општество.**

**По тој повод, градоначалникот Сотир Лукровски, претседателот на Советот, Христо Саракинов, советникот Александар Петровски и претставник од Одделението за образование од Општина Карпош, присуствуваа на денешната свеченост, каде учениците со типичен и атипечен развој во придружба со возрасни уметници се претставија со своите музички и ликовни дела. Настанот го одбележа креативниот израз на талентираните ученици кои настапија заедно со своите гости од „Леон Бенд“, кои воедно се претставници од младинскиот центар „Крик“. Нивниот настап беше конкретен пример како може уметноста, креативноста и заедништвото да ја подигнат свеста за значењето на инклузијата, создавајќи простор за секое дете и секој возрасен да го искаже својот став во јавноста. Ваквиот концепт овозможува природно поврзување меѓу различни генерации, таленти и способности, со што се поттикнува прифаќање и развивање на инклузивни вредности во училиштето и заедницата.**

**Во оваа пригода, организаторите му врачија благодарница на градоначалникот Сотир Лукровски, за соработка, поддршка и придонес во развојот на инклузивни практики во ООУ „Владо Тасевски“. Првиот човек на Општината доби и прекрасна уметничка слика, изработена од вредните раце на креативните дечиња. Општинскиот татко напомена дека локалната самоуправа останува посветена на унапредување на инклузијата, креативноста и еднаквите можности, со визија за градење на заедница во која различностите се прифатени, вреднувани и поддржани.**

**„Морам да ви признаам дека сум воодушевен од вашиот перформанс, од длабоките емоции, од љубовта и позитивната енергија која ни ја пренесовте. За овие моменти вреди да се биде на жешкото столче во Општината. Сакам да им честитам на сите дечиња и на наставниот кадар кои беа дел од оваа програма, кои успеаја да направат една содржинска и тематска приредба. Јас како градоначалник ви ветувам дека локалната самоуправа ќе биде секогаш тука, за да ја поддржи секоја ваша иницијатива“ – истакна Лукровски.**




ЉУБОВ
НЕНАСИЛСТВО

# ПЕРИНСКИ:„КАРПОШ Е ПРИМЕР ЗА СОВРЕМЕНА ОПШТИНА ВО КОЈА ГРАЃАНИТЕ УЧЕСТВУВААТ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ“

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски денеска во својот работен кабинет одржа координативно – информативна средба со министерот за локална самоуправа, Златко Перински и неговиот заменик, Ерџан Селими. На состанокот, градоначалникот Лукровски ги запозна присутните со тековните активности на локалната самоуправа, како и со досегашните активности на Советот на Општина Карпош. Во рамки на средбата, министерот Перински истакна дека Карпош е пример за современа и урбана општина со активна заедница и силни локални иницијативи и граѓани, кои непосредно учествуваат во креирањето на локалните политики. По координативната средба, веднаш беше одржан работен состанок со членовите на Советот на Општина Карпош и со претставниците од општинската администрација.

Во таа насока, министерот Златко Перински ги запозна присутните со двата главни приоритети, со чија реализација на подолг рок ќе бидат детерминирани аномалиите, но исто така ќе бидат решавани и предизвиците со кои се соочуваат градоначалниците, општинската администрација, како и граѓаните на локалните заедници. Имено, станува збор за предлог – измените на Законот за локална самоуправа, кои ќе се фокусираат на т.н. референдумски отповик, односно смена на градоначалниците, кој би претставувал моќна демократска алатка за жителите на нашата држава. Перински говореше и за разгледување на можноста за изнаоѓање на правни регулативи, со кои ќе се санкционира девијантното однесување на лицата кои ја вандализираат урбаната опрема која ја поставуваат општините на своја територија. Според министерот Перински, од големо значење е и подигнување на нивото на транспарентноста на градоначалниците, Советот и општинската администрација, во корист на своите сограѓани.

Како втор приоритет, Перински го посочи неопходниот процес на дигитализација, на кој активно работи Министерството за дигитална трансформација. Во тој поглед беа разгледани повеќе идеи за создавање на одржливо системско решение (како еден вид децентрализација), преку дигитализација на услугите кои ги нудат општините кон своите граѓани. Притоа, фокусот беше насочен кон детерминирање на деталните активности кои би биле дел од работата на Ресурсниот центар, кој ќе функционира како поддршка за општините во Македонија. Станува збор за центар како контакт точка кој ќе обезбеди поддршка која ќе гарантира зголемување на капацитетите на локалната самоуправа, што од друга страна ќе доведе до поквалитетни локални услуги за секој граѓанин. Инаку оваа активност се одвива со соработка со Швајцарската Влада преку продолжување и институционализација на осумгодишниот проект „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, Делегација на ЕУ и поддршката од нашата Владата имплементирана преку УНДП.

Во рамки на средбата присутните се запознаа и со Платформата за управување со владините проекти, како корисна алатка со која граѓаните ќе бидат секогаш информирани за трошењето на јавните средства наменети за локалниот развој. Целта на оваа платформа е да осигура ефикасно управување со јавниот сектор, да ги подобри условите за лесно достапни, отчетни и следливи информации за граѓаните и да го поттикне економскиот развој преку стратегиско планирање и реализација на проектите од јавен интерес. Министерот за локална самоуправа стави акцент на ангажирање на нашите домашни експерти, кои ќе имаат можност директно да се инволвираат во процесот на премостување на евентуалните проблеми, со кои ќе се соочуваат градоначалниците и општинската администрација. Министерот Перински објасни дека овие експерти ќе работат на трошок на гореспоменатиот Ресурсен центар.

По опширното излагање на министерот Перински, меѓу присутните се разви отворена дебата, каде членовите на Советот и претставниците од општинската администрација дискутираа околу актуелни теми кои ги засегаат карпошани.

Инаку, пред денешната средба, претпладнето, градоначалникот Сотир Лукровски присуствуваше и на промоцијата на веб страницата proekti.gov.mk, која се одржа во просториите на Клубот на пратеници. На настанот кој го организираше Владата на РСМ и Министерството за локална самоуправа, присуствуваше и претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, како и градоначалниците на повеќе општини ширум државата.



## ЗАЕДНО ГО КРЕИРАМЕ ГРАЃАНСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2026 ГОДИНА

**Почитувани граѓани,**

**Во тек е подготовка на предлог-програмите и Буџетот на Општина Карпош за 2026 година. По тој повод, градоначалникот Сотир Лукровски, ве поканува на средба на која ќе може да ги дадете вашите идеи, предлози и сугестии и со тоа заедно ќе креираме буџет кој ќе биде во служба на граѓаните.**
**Средбите ќе се одржуваат во просториите на урбаните заедници по следниот распоред:**

**ВТОРНИК 09.12.2025г.**
**У.З. КЈП 10:00-10:30 ч.**
**У.З. ПБК 10:30-11:00 ч.**
**У.З. НЕРЕЗИ 11:30 – 12:30 ч.**
**У.З. ТАФТАЛИЏЕ 1 13:00 – 14:00 ч.**
**У.З. ТАФТАЛИЏЕ 2 14:30 – 15:30 ч.**

**СРЕДА 10.12.2025г.**
**КАРПОШ 3 – (во ООУ ЛАЗО ТРПОВСКИ) 09:00 – 10:00 ч.**

**ЧЕТВРТОК 11.12.2025г.**
**У.З. ВЛАДО ТАСЕВСКИ (МЛЕЧЕН) 14:30 – 15:30 ч.**

**ПЕТОК 12.12.2025г.**
**У.З. КАРПОШ 1 10:00-11:00 ч.**
**У.З. КАРПОШ 2 11:30-12:30 ч.**
**У.З. КАРПОШ 4 13:00-14:00 ч.**
**У.З. ВЛАЕ 1 14:30-15:30 ч.**

**ПОНЕДЕЛНИК 15.12.2025г.**
**У.З. ВЛАЕ 2 11:00-12:00 ч.**
**М.З. БАРДОВЦИ 12:30-13:30 ч.**
**У.З. ЗЛОКУЌАНИ 14:00-15:00 ч.**

**#БуџетКарпош2026**